Д. СОКОЛОВ

# КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНО ЗДРУЖЕНИЕ „ВАРДАР" ВО ЗАГРЕБ И НЕГОВАТА ПОЛИТИЧКА ДЕЈНОСТ

Условите за формирање на македонска висока, со факултетско образование, интелигенција меѓу двете светски војни беа мошне тешки. На територијата на Вардарска Македонија суштествуваше само Филозофски факултет во Скопје. На овој факултет од вкупно околу 160 студенти, едвам 25% беа Македонци.

Поради тоа најголемиот број високошколци своето образование го имаат добиено меѓу двете светски војни на универзитетот и високите школи во Белград и Загреб, сосем незначителен дел на Правниот факултет во Суботица, на Универзитетот во Љубљана или во странство.

Во учебната 1931/32 година на Универзитетот во Загреб студираа околу 60 студенти. Во следната учебна година па до почетокот на II светска војна пристигнаа нови генерации студенти, кои исцело се школувани во новите услови, т.е. кои со основното и средното образование се здобиле во српските училишта. Бројот на студентите од Македонија се зголемува, така што во 1935/36 имало на Универзитетот и високите школи во Загреб околу 110 студенти.

Есента 1932 година од македонските студенти беше организирана сопствена менза во која се хранеа околу 30 студенти, а победните бесплатно. Мензата стана сврталиште за голем број наши студенти и одигра важна улога во нивното меѓусебно запознавање.

Веќе во почетокот на учебната 1933/34 година поради своите прогресивни ставови и политичката активност некои од македонските студенти беа организирани на своите факултети во Комунистичката младинска организација — СКОЈ. Активноста на групите се состоеше во обработка на Марксови и Ленинови дела, потоа на партиската литература: „Пролетер", „Хрватски пут", понатаму ширење на летоци, организирање на студентски штрајкови и демонстрации. Но покрај тоа, организираните развиваа широка дејност меѓу македонските сту-

денти. Така се формирани групи од македонски студенти по факултети, или комбинирани со оглед на бројот. Во тие групи влегуваа комунисти, демократски ориентирани, како и студенти кои беа противници на денационализаторската политика на режимот.

На нивните состаноци се дискутираше за борбата на студентите на Универзитетот, за учество и ставови на Македонците спрема тогашните ненародни режими, за пренесување борбата за демократизација и национално раздвижување на територијата на Македонија.

Благодарение на честиот меѓусебен контакт и честите дискусии по ред политички прашања во текот на 1933 и 1934 година дојде до запознавање и зближување, како и до расчистување на ред актуелни прашања. Македонските студенти стануваа сè поактивни и фактор во студенското прогресивно и национално движење на Универзитетот. Се стапува во врска со лидери на опозициони демократски граѓански партии — Самостојна демократска и Хрватска селска странка. Бидејќи е најдена поддршка кај нив за некои политички ставови, тие им овозможија на македонските студенти да држат состаноци во нивните партиски простории. По тоа се оформија и други демократски и прогресивно ориентирани студентски групи на регионална база, Црногорци, од Војводина, Лика и др. со кои се стапи во врска и соработка.

Користејќи ја таа можност, се отпочна со одржување редовни состаноци на кои се собираа отпрвин околу 30, а подоцна и до 60 македонски студенти. На нив се држеа предавања по политички и економски прашања што се однесуваа на Македонија, на внатрешно-политички и меѓународни теми.

Плод на ваквото дејствување и веќе скршените острици на шестојануарската диктатура по петомајските избори во 1935 година, овозможи да се мисли на легализација на ова движење, на формирање на едно здружение кое би собрало голем број студенти, и не само студенти, од Македонија.

При таквата положба, се наметнуваше ангажирање на организираните во СКОЈ — само за работа меѓу македонските студенти. Поради тоа тие студенти се издвоија од своите единки на факултетите и во почетокот на 1935 година доаѓа до формирање на одделен партиски актив за работа меѓу македонските студенти.

Прва задача којашто се постави пред активот беше да се направи легална организација, која ќе собере и тоа што поголем број Македонци — студенти, работници и службеници во Загреб. Кога созреа прашањето за легална активност, а тоа стана по добивањето доволна поддршка меѓу студентите и созданото расположение за таква акција, на 13 октомври 1935 година е одржан нелегален, но поширок состанок во Максимир.

На него се продискутирани и набележени работи, кои треба да се извршат за основање на едно здружение.

Изготвени се правила и извршени други подготвителни работи. На 29 октомври 1935 година, согласно на прописите, одржано е основачко собрание на кое се прифатени правилата и е конституисана управата. Правилата беа одобрени од надлежните државни органи. За претседател и секретар на друштвото беа избрани во СКОЈ организирани студенти.

Основните одредби од правилата се следниве: Името на здружението е „Културно просветно друштво „Вардар", а целта му е „културно-просветно изградување и материјално помагање на членовите". За реализација на тие цели здружението си постави како задача да организира библиотека со читална, да се држат предавања, да организира вокално-инструментална музичка секција, потоа да организира менза и потпорен фонд.

Како редовни членови на здружението можат да бидат: студенти и апсолвенти од Универзитетот и на високите школи во Загреб, а како вонредни сите Македонци кои се настанети во Загреб.

Активноста на партискиот актив при „Вардар" се одвиваше во неколку насоки: 1. политички да се дејствува меѓу македонските студенти и други Македонци што живеат во Загреб и да го канализира нивното антирежимско расположение во демократски дух. Тоа се правеше преку општи политички состаноци, кои се држеа во просториите на СДС или на излети; 2. поврзување и соработка со други прогресивни и национално-демократски здруженија и движења на Универзитетот; 3. насочување политичката дејност на студентите на теренот (во Македонија), кога одат во местожителството; и 4) организирање собири со забавен карактер.

По основањето на здружението, а со разраснување на прогресивното и националното движење во Југославија, голем дел од членството го зафати ентузиазам. Поради тоа на активот не му беше тешко да се зафати и со посериозни акции.

Уште во 1935 година членовите на движењето се поврзаа со други политички — марксистички и демократски организации и групи на Универзитетот и надвор од него, со општото студентско културно здружение „Светлост", „Клубот на пацифистите." и др. Со црногорските студенти постоеше соработка од порано по одделните факултети. Но таа соработка е поцврсто воспоставена, кога некои од нив преку здружението доаѓаат во контакт со раководството на СДС и со тоа им се овозможи да се состануваат во неговите простории и потоа да го формираат своето друштво „Ловќен".

ХСС во тоа време со СДС беа во блиска соработка и правеа таканаречена селско-демократска коалиција. Со овие граѓански партии, кои во тоа време беа во опозиција спрема диктатурата и подоцна спрема режимот на принц Павле, се одржу-

ваа контакти и по некои прашања се соработуваше. За легализација на борбата на македонскиот народ за слобода, требаше оваа соработка многу да придонесе.

Со таа цел се одржуваше не само блиска соработка со студентската секција на ХСС, која некое време беше во рацете на марксисти (претседател Пушкариќ, кој загина како доброволец во Шпанија), но постоеја контакти со самото раководство на странката.

Активистите на здружението се поврзаа и со нашите затвореници — комунисти во Сремска Митровица.

Контактот со теренот и акциите во Македонија беше значаен фактор во борбата. Тоа станувашe особено преку летото.

Поставено е на теренот да се води пропаганда, народот да се бори и вовлекува по политичка акција за своите права. По тоа е сугерирано и се основани студентски здруженија по градовите; читалните и спортските друштва да се преземат од наши луѓе.

Друг начин на поврзување со теренот е добавување и испраќање на прогресивна литература и партиски материјал од Загреб. Партиски материјал поради релативно честите прекинувања на врски меѓу партиските форуми беше реткост во Македонија. И во тој поглед активот во Загреб придонесуваше. Во јуни 1936 година преку Прага добиени се сите реферати од VII Конгрес на Коминтерна и препратени во Куманово, Кавадарци и Прилеп.

Не малу важна работа на „Вардар" беше собирната акција за помош на своите сиромашни членови и за организирање на екскурзии. Отворена беше чековна сметка на името на „Вардар" и со пропратно писмо беа поканети прогресивни луѓе и патриоти да го помогнат. Одзивот беше надвор од очекувањето.

Поопширно ќе се задржиме во следново излагање на неколку акции кои ги спроведе „Вардар" во текот на 1936 година.

Тие се:

1. Резолуцијата донесена на 1 јуни;
2. Екскурзијата по Македонија изведена во текот на јули и;
3. Состанокот одржан во Охрид на 28 август меѓу политичките раководства на македонските студенти од Загреб, Белград и Скопје.

Со цел да се легализира политичката борба во рамките на основните цели на прогресивното движење во Југославија — демократизација на земјата — на 1 јуни 1936 година е донесена Резолуција. Таа се состоеше од два дела. Во првиот е изнесена тешката економска и политичка положба во Македонија, а во

другиот се бараше таа положба да се измени, да се спроведе демократизација на земјата и македонскиот народ да стане рамноправен член на федеративна Југославија.

Резолуцијата беше потпишана во два примероци од безмалу сите членови на „Вардар", потоа по делегат испратена во Белград, а подоцна во Скопје. Во Белград резолуцијата беше потпишана од околу 80 студенти, а во Скопје од десетина. По таков начин беа собрани околу 130 потписи.

При одењето во Белград, како и подоцна во Скопје, делегат на Здружението занесе и по еден примерок од правилата на „Вардар" во Загреб за да послужат на тамошните студенти како пример за основање на слични здруженија. Освен тоа, делегатот беше задолжен да им предложи на политичкото раководство на македонските студенти во Белград да се одржи заеднички состанок и тоа во Охрид на 28 август, што беше прифатено.

Паралелно со оваа акција, одеа подготовките за екскурзијата на „Вардар" по Македонија. Програмата се состоеше главно од хорска музика. Според направениот план за екскурзијата беше предвидено да се посети и дадат концерти во Куманово, Скопје, Велес, Штип, Кочани, Радовиш, Струмица, Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Прилеп, Битола, Ресен и Охрид.

Втори јули се тргна од Загреб. Во Куманово, Скопје, Велес, Штип и Кочани се одржаа концерти. Организирањето на пречекот, распределувањето по домови, како и во подготовките околу приредбата ги направија месните партиски организации, прогресивни луѓе и поголем број патриоти. Салите беа преполни, одушевувањето на посетителите безмерно.

Во продолжение на екскурзијата нејзините актери беа сопрени. Во Радовиш и Струмица власта им забрани да држат приредба. Но пречекот и манифестациите беа одржани наспроти забраната од полицијата.

Но, со тоа раководството и членовите на „Вардар" не беа декуражирани. Го продолжија својот пат. Меѓутоа во Велес на пат за Прилеп тие беа пречекани од група полициски агенти со еден писар. Тие наредија раководството на здружението да замине за Скопје и се јави во Банската управа. Меѓутоа, за Скопје тргнаа сите членовите учесници во екскурзијата. Во Банската управа од подбанот Димитрије Нешиќ раководните лица на здружението беа сослушувани и застрашувани за да се откажат од турнејата.

Иако екскурзијата не беше изведена до крај по предвидениот план таа остави силен впечаток кај учесниците и во народот. Основната цел беше постигната. Учесниците во турнејата добија уште поголемо самоуверение дека се на прав пат и смелост за акција. Се воспоставија врски во секое место каде се минаваше со прогресивни луѓе и демократски активисти. Во народот се по-

дигна национално чувство и гордост и се разби стравот, кој го држеше во пасивност и апатија. Во сите изминати места членовите на „Вардар" беа дочекани срдечно, сместени по домови каде можеа да водат политички разговори и така дојде до поголемо и поцврсто поврзување со народот, со работните маси и прогресивно и демократски настроени луѓе на самиот терен.

Третата позабележителна акција на македонските студенти во Загреб во текот на 1936 година беше состанокот во Охрид на политичките раководства од Загреб, Белград и Скопје.

Дадениот предлог од активот во Загреб беше прифатен во Белград, а во текот на екскурзијата подробно беше разработен.

Состанокот се одржа во Охрид на 28 август во станот на Крум Точков. На него беа присутни претставители на загребачките студенти: Тодор Велков од Кавадарци, Кирил Миљовски од Ресен и Лазар Соколов од Куманово, на белградските Крум Точков од Охрид, Димче Левков од Прилеп, Стеван Светиев од Битола и Свето Јованов од Тетово; Асен Тодоров и Апостолов ги претставуваа скопските студенти.

На состанокот се претресени: политичката ситуација во Македонија и во целата земја и резултатите од дотолашната работа. Потоа се искристализираа општи поставки за понатамошната борба.

Основните поставки, односно како беше наречена платформа за Македонското народно движење (МАНАПО) се состоеа во следново:

1. Разбудување на националната свест кај македонскиот народ и афирмација на родниот јазик;

2. Борба за ликвидирање на монархофашистичкиот режим и великосрпската хегемонија, а за демократизација на земјата, за федеративно уредување на Југославија, во која Вардарска Македонија ќе стане одделна единка;

3. Соработка со сите политички движења во Југославија кои му го признаваат на македонскиот народ правото на слободен живот и економски развиток;

4. Во надворешната политика да се бори за воспоставување на дипломатски односи со СССР и борба против меѓународниот фашизам.

Покрај тоа беше заклучено да се активираат или организираат студентски здруженија во сите градови на Македонија, да се преземат од прогресивни, демократски ориентирани и национално свесни луѓе постоечките читалишта, културно-уметнички и спортски здруженија.

Беше предвидено да се направи утредента во Охрид состанок со група од „постари" како беа наречени изразито националистички ориентирани луѓе. Неколку од нив беа дојдени, но состанокот не се одржа. Тие откажаа наводно поради тоа што сме забележени од полицијата.

Во почетокот на 1937 година бројот на активисти — Скоевци меѓу студентите во Загреб се прошири и се оформи уште една ќелија.

Најважна легална акција беше издавање на свое гласило „Наш Весник", лист за културно-просветни и стопански прашања.

Во уводникот на листот покрај другото се вели:

„Потреба од едно гласило преку кое би проговорил животот од нашиот крај, животот каков е тој, нероматизиран и нелакиран, со сите тешкотии и радости, со сите желби и надежи. Потреба од едно такво гласило не е ни нова ни од сега. Нашиот потфат да излеземе со овој весник е само и единствено израз на желби од многу илјади кои во нашиот печат гледаат се друго осем себе си". И понатаму: „Денес кога на сите страни се говори, пишува, денес кога одредени луѓе ги надвикуваат народните маси, денес е мошне тешко, но и мошне нужно да се слушне прав неизвртен глас на народот. Во овој хаос кој го опфатил светот, во ова манијачко трчање за „оригинални" идеи и промени, често се заборава народот, се заборава големата сила која од него избива, се потценува здравиот инстинкт, сака да се „води". Ние кои неколебливо веруваме во тој народ, во неговата смисла да правилно расудува, во неговата способност да сам себе си се води, ние сакаме да **Тој** преку „Нашиот Весник" дојде до полн израз".

Натаму следат статии од економски карактер, од миналото на нашиот народ, преглед од дејноста на здружението, вести од Македонија, неколку наши народни песни и песната на Невен Пејко (Кочо Рацин) „Тутунови берачи" и др.

Листот беше од полицијата запленет и потоа на 1 март 1937 година уследи и забраната на самото здружение „Вардар" во Загреб.

После прекинувањето на легалната форма на работа македонските студенти во Загреб не ја прекинуваат политичката активност и борбата. Народното движење (МАНАПО) нараснуваше и стана основен фактор во собитијата кои уследија.

И на крајот должни сме да ја приведеме оценката дадена на I Конгрес на КПМ за дејноста на „Вардар". Во политичкиот извештај на ЦК на КПМ е речено: „Широките македонски маси, национално угнетени и тероризирани, економски сè повеќе експлоатирани, увидуваат дека великосрпската хегемонистичка буржоазија се повеќе ослабува. Се создава заеднички фронт на масите оздола, фронтот на работниците, селаните и средните слоеви. Голем придонес во напорите за создавањето на единствен фронт изиграа студентите ... значајна улога изигра друштвото „Вардар" во Загреб и Белград, како и студентските здруженија што беа основани по сите градови во Македонија".